Република Северна Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47-552-661

**Бр. 8**

**29.03.2022**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав од 4 члена и претседател**

1.Го објавувам Решението за избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав од 4 члена и претседател донесено на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-368/1 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 17 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /"Сл. гласник на општина Демир Хисар" бр.03/02 година/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на Кандидациона комисија за утврдување на предлог за Претседател на Советот на општина Демир Хисар

1.Со ова Решение се избира Кандидациона комисија за утврдување на предлог за кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар.

2.За членови на Кандидационата комисија се избираат:

За претседател:

**-Александра Трајковска**

За членови:

**-Сандра Пејковска**

**-Валентин Несторoски**

**-Ивана Кочовска**

**-Јасмина Јовановска**

3.Задачата на Кандидационата комисија е да предложи еден или повеќе кандидати за претседател на Совет на општина Демир Хисар.

4.Со изборот на Претседател на Советот, Кандидационата комисија престанува со работа.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар"

Бр.17-349/4 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар донесено на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-368/2 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 47 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа /"Службен весник на РМ" бр.5/02/, како и во согласност со член 21 став 1 од Деловникот за работа на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар

1.Со ова Решение се избира Претседател на Советот на општина Демир Хисар.

2.За Претседател на Советот на Општина Демир Хисар се избира

**Љупчо Најдовски**

3. Решението да се достави до именуваниот, архива и Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

Бр.17-349/5 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседавач,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за избор на Комисија за мандатни прашања избори и именување**

1.Го објавувам Решението за избор на Комисија за мандатни прашања избори и именување донесено на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-368/3 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 24 од Деловникот за работа („Службен гласник на општина Демир Хисар" бр. 3/02), и член 45 и 54 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05; 7/09; 16/13, 18/14 10/19 и 7/21"), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување на Комисија за мандатни прашања,избори и именување

1.Со ова Решение се избира Комисија за мандатни прашања, избори и именување во состав:

За претседател:

**-Сандра Пејковска**

За членови:
**- Аце Јанкуловски**
**-Александра Трајковска**
**-Ивана Кочовска**
**-Сашо Михајловски**

2. Мандатот на претседателот и членовите на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, ќе трае колку и мандатот на членовите на Советот.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Хисар".

Бр.17-349/6 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измена на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измена на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година бр.17-193/9 од 24.02.2022 година донесена на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 368/4 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и ,,Службен весник на РСМ,, 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на РСМ,, бр. 275/19 и 14/20), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на РСМ, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на РСМ („Службен весник на РСМ" бр. 51/20) и одредбите на колективниот договор за вработените во општина Демир Хисар и член 43 став 1 точка 2 од Статутот на

општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар” бр 03/02,04/05,07/09,13/14,18/16 и 10/19), Советот на општина Демир Хисар на 8-ма седница одржана на 28.03.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За измена на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година бр.17 – 193/9 од 24.02.2022 год.**

**Член 1**

Член 15 се менува и гласи:

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен .

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) , му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари..

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во буџетот на општината во програма Д0-Градоначалник расходно конто 413110 тековни резерви (разновидни расходи).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар”, а ќе се применува од 01 јануари 2022 година.

Бр.17349/7 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар донесена на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 368/5 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 год. донесе

**ОДЛУКА**
**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар.

Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија, со седиште на Плоштад Пресвета Богордица бр.1, 1000 Скопје, поднесена преку овластениот застапник ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.Питу Гули бр.47 б, Битола.

Целта за изработка на Урбанистички проект е формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија, односно формирање на за линиски вод за снабдување со електрична енергија на базната станица за мобилна телефонија за потребите на инвеститорот А1 Македонија Дооел Скопје

Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/200).

Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

Согласно Законот за урбанистичко планирање, прифатената иницијатива Комисијата за урбанизам му ја поднесува на градоначалникот, а тој ја предлага на Советот на општината за да биде вградена во годишната програма за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Записникот за прифаќање на иницијативата изготвен од страна на Комисијата за урбанизам со бр.11-341/3 од 21.03.2022 и Предлог Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија, донесена од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр.11-341/4 од __.03.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17349/8 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар, донесена на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-368/6 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 39, став 5 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 (Сл. весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на општина Демир Хисар ( Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.2/2002, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 , 10/19 и 07/21), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 год. донесе

**ОДЛУКА**

**за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар**

**Член 1**

Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр. 1471/1, м.в.Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар.

Барањето-Иницијативата за изработка на Урбанистички проект е од страна на инвеститорот Александар Петров, со адреса на живеење ул.„Народен фронт" 5/1-68, Скопје.

Целта за изработка на Урбанистички проект е формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри, Урбанистичкиот проект ќе се изработува врз основа на член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/200).

Целокупните трошоци за изработка на Урбанистичкиот проект ќе бидат финансирани од подносителот на иницијативата.

Согласно Законот за урбанистичко планирање, прифатената иницијатива Комисијата за урбанизам му ја поднесува на градоначалникот, а тој ја предлага на Советот на општината за да биде вградена во годишната програма за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Записникот за прифаќање на иницијативата изготвен од страна на Комисијата за урбанизам со бр.11-342/3 од __.03.2022 и Предлог Одлуката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, донесена од страна на Градоначалникот на општина Демир Хисар со бр.11-342/4 од __.03.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр.17349/9 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година**

1.Ја објавувам Одлуката за изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022година донесена на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 368/7 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 40, став 1 и став 2 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/20), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 28.03.2022 год. донесе

**О Д Л У К А**

***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2022год.***

**Член 1**

Во членот 4, кој се однесува на изработка на Урбанистички проекти, се додаваат 2 нови точки кои гласат:

1. Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар. правното лице Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија, со седиште на Плоштад Пресвета Богордица бр.1, 1000 Скопје, поднесена преку овластениот застапник ГЕО БАЛКАН ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.Питу Гули бр.47 б, Битола. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот Проект ќе бидат финансирани од страна на подностителот на иницијативата.
2. Да се отпочне постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар. Иницијативата за изработка на Урбанистичкиот проект е од стана на инвеститорот Александар Петров, со адреса на живеење ул.Народен Фронт 5/1-68, Скопје. Целокупните трошоци за финансирање на изработката на Урбанистичкиот Проект ќе бидат финансирани од страна на подностителот на иницијативата.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2022год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе се објават во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр.17349/10 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 7/21 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година**

1.Ја објавувам Одлуката за резервирање средства за експропријација во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година донесена на 8-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 28.03.2022 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08- 368/8 Општина Демир Хисар**
**29.03.2022година Градоначалник**
**Демир Хисар Никола Најдовски с.р.**

Врз основа на член 26 став 1 точка 6 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16и 178/16) и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14, 10/19 и 07/21) Советот на Општина Демир Хисар, на седницата одржана на 28.03.2022 година,донесе

О д л у к а
за резервирање средства за експропријација во Буџетот на Општина Демир Хисар за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се резервираат средства за експропријација во Буџетот на Општина Демир Хисарза 2022 година, согласно Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Демир Хисар за 2022 година, во износ од 600.000,00денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се предвидени во Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година – програма ЕА0 , потставка – 485 420 – надомест за одземен имот.

Средствата од член 1 на оваа Одлука се наменети за решавање на имотно – правни односи – Експропријација и тоа:

-за изградба на канализационен систем во с.Белче согласно Проект за инфраструктура за канализационен систем во с.Белче

-за проширување на површината определена за градски гробишта согласно ЛУПД за формирање на градежна парцела со намена Д4- меморијални простори, гробишта на КП 2428-дел, КП 2707-дел, КП 2708-дел во КО Демир Хисар и КП 1184-дел, КП 1219-дел, КП 1220-дел, КП 1221-дел, КП 1222-дел, КП 1223/1, КП 1224-дел, КП 1225-дел и КП 1234/1 во КО Демир Хисар впн град, Општина Демир Хисар

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Демир Хисар.

Бр.17349/11 Совет на општина Демир Хисар
28.03.2022 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.

-----------------------------------------------------

***С О Д Р Ж И Н А***

1. Решение за избор на Кандидациона комисија за утврдување на кандидат за Претседател на Советот на општина Демир Хисар во состав од 4 члена и претседател -1
2. Решение за избор на Претседател на Советот на општина Демир Хисар --------2
3. Решение за избор на Комисија за мандатни прашања, избор и именување во состав од 4 члена и претседател---------------------------2-3
4. Одлука за измени и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година-----3-4
5. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.8- водови за пренос на електрична енергија на КП бр.317, КП бр.2990, КП бр.3175, КП бр.3085 и КП бр.1898/1 за КО Жван, Општина Демир Хисар--------------------------------------5
6. Одлука за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена В3.6- Домови на културата, комбинирани културни центри на КП бр.1471/1, м.в. Село, КО Бабино, Општина Демир Хисар---------------------------------6-7
7. Одлука за изменување и дополнување на програмата за донесување на урбанистички планови за Општина демир Хисар за 2022 година----------------------------------------7-8
8. Одлука за резервирани средства во буџетот на Општина Демир Хисар за експропријација за изградба на канализационен систем во с.Белче--------8

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Никола Најдовски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**